ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 11/23



01.06.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: „ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА” НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав Европски Универзитет Скопје на 182-та седница одржана на ден 28.02.2023 година, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Орална патологија” (30405-Фраскатиева класификација), објавен во весникот “Вечер” на ден 20.02.2023 година, донесе Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Орална патологија” (30405-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Проф. д-р Мирјана Поповска, претседател;
2. Проф. д-р Вера Радојкова-Николовска, член;
3. Проф. д-р Енис Рецеп, член.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје му го поднесува следниов:

## РЕЦЕЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конукурс на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Орална патологија” (30405-Фраскатиева класификација) во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска која ги приложи следниве документи:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија (CV);
- Диплома за завршено соодветно образование (научен степен доктор на науки);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок (копија) од 7 научни трудови, објавени во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавување на конкурсот за избор;
- Доказ за претходен избор во наставно-научно звање-доцент;
- Документцаија за изведување високообразовна дејност.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска е родена на 20.01.1984 година во Охрид, каде што со одличен успех го завршува основното и средното образование. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, во 2009 година со просечен успех 9,08.

Постдипломските студии ги завршила со просечна оцена 10 во 2012 година и со одбрана на магистерскиот труд од областа на Орална патологија и медицина: „Орални промени кај пациенти со хронични бубрежни афекции" се здобива со научен степен магистер по стоматолошки науки од областа на Орална патологија.

Специјализација по Пародонтологија завршува во 2013 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје и се стекнува со стручен назив Специјалист по пародонтологија.

Во 2013 година е избрана за асистент на Факултетот за стоматологија во состав на Европскиот Универзитет во Скопје.

Од 2013 работи како специјалист по пародонтологија на ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар " ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје.

Третиот циклус на докторски студии ги завршува со просечен успех 10 и докторската дисертација под наслов „Асоцијација помеѓу пародонталната и хроничната бубрежна болест" ја брани во 2017 година и се здобива со научен степен доктор на стоматолошки науки од областа на Пародонтологија и Орална патологија.

Во 2017 година е избрана за доцент на **Факултетот за стоматологија** во состав на Европскиот Универзитет Скопје.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во 2020 година е избрана за член на сенатот на Европскиот универзитет Скопје.

Од 2022 година е дел од листата на испитувачи за испитна комисија за полагање стручен испит за доктори на стоматологија.

Во 2022 година од страна на Собранието на Стоматолошка комора на Р.Македонија е избрана за член на Комисијата за стручни стоматолошки прашања.

Избрана е за член на научниот одбор на 26-тиот конгрес на Балканската асоцијација на стоматолози (BaSS),11-14 мај 2023 година.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Ана Белазелковска Грежловска со својата способност за едукација, искуство и стручност стекната преку долга студиска подготовка, стекнувајќи се притоа со три дипломи

од прв, втор и трет циклус на студии, се покажа како важен член на академската заедница, а нејзиното учество во образовниот процес доста позитивно.

Од 2013 година како асистент активно ја изведува практичната настава по предметите:

- Пародонтологија 1;
- Пародонтологија 2;
- Орална патологија;
- Пародонтологија за Виши забни техничари.

Од 2018 година се до денес активно ја реализира теоретската и практичната настава по следниве предмети:

- Пародонтологија 1;
- Пародонтологија 2;
- Орална патологија;
- Орална патологија со пародонтологија за Виши забни техничари;
- Фокалози;
- Орална хигиена;
- Ургентни состојби во стоматологијата.

Од 2022 година активно е вклучена и во наставата на англиски јазик.

Активно учествува и во изработката на следните Елаборатите за акредитации на студиски програми:

- „Стоматологија" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет - Република Македонија (2018 година);
- „Забни техничари" прв циклус тригодишни стручни студии на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет – Република Македонија (2018 година); „Стоматологија" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет - Република Македонија (2019 година);
- „Дентална медицина" прв и втор циклус интегрирани петгодишние студии на албански јазик на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје (2022 година);
- „Дентална медицина" прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на македонски јазик при Европски Универзитет Скопје (2023 година).

Ментор е на 18 диплпомски трудови и член на 13 рецезентски комисии за оценка и одбрана на дипломски трудови, член во рецезентски комисии за избор во наставни звања - асистенти и рецезент на науни трудови.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата научно-истражувачка дејност кандидатката своите резултати прегледно и систематски ги има презентирано како автор и коавтор во повеќе стручни и научни трудови публикувани во зборници на меѓународни и домашни научни собири и списанија. Може да се констатира дека кандидатката поседува забележителен капацитет за научно-истражувачка дејност,со желба и ентузијазам за уште поголем напредок.

1. Atanas Pavleski,Ana Belazelkovska,Vlado Vankovski.Peri-implantitis:Bacterial infection or supra-oclusion.7th International Congress of Macedonian Dental Society,Ohrid,June 2015.

2. Ana Belazelkovska,Kristina Mitic,Bruno Nikolovski,Emilija Kostadinovska.Salivary antioxidant status and periodontal disease status.7th International Congress of Macedonian Dental Society,Ohrid,June 2015.

3. Ana Belazelkovska,Mirjana Popovska, Bruno Nikolovski,Kristina Mitic.Prevalence of oral manifestations in patients on renal replacement therapy.20th Edition of the Balkanic Stomatological Society Congress BaSS-2015, Bucharest, April 2015.

4. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Goce Spasovski, Jelka Masin-Spasovska, Svetlana Cekovska, Aneta Atanasovska-Stojanovska, Kristina Mitic, Vera Radojkova-Nikolovska. Oral and salivary changes in patients with chronic kidney dissease.BANTAO Journal 2014; 12(1): 95-100.

5. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Kristina Mitic,Bruno Nikolovski.Oral health in paztients with chronic kidney disease. 4th Eurasian congress of health sciences, September,Ohrid Macedonia.

6. Vera Radojkova-Nikolovska, Mirjana Popovska,Ana Minovska,Vera Stojanovska,Biljana Dzipunova,Pavlina Aleksova,Aneta Atanasovska-Stojanovska,Ana Belazelkovska,Bruno Nikolovski.The influence of estrogen on the gingival health of girls.Acta Stomatologica Naissi Dec.2014, Vol.30 No.70

7. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Svetlana CekovskA, Kristina Mitic.Association between oral changesand salivary and blood urea levels in patients on renal replacement therapy.Medicus Journal Vol 1 2014.

8. 2014 Kristina Mitic,Mirjana Popovska, Ana Belazelkovska, Rubens Jovanovic.Gingival tissue and apoptosis.JBR Journal of Interdisciplinary Medicine and Dental Science 2014,2:5.

9. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Svetlana cekovska, Aneta Atanasovska-stojanovska, Kristina Mitic, VeraRadojkova-Nikolovska. Oral and salivary changes in patients with chronic kidney disease. Wulfenia Journal Vol 20. No 9; Sep 2013.

10. A.Belazelkovska, M.Popovska, S.Cekovska, G. Spasovski, A. Atanasovska, V.Radojkova, K. Mitic, B.Kapusevska. Oral and salivary changes in patients with renal failure. FDI 2013 Istanbul Annual World Dental Congress.

11. M.Popovska, M.Ristovski, A.Atanasovska, L. Zendeli, K.Mitic, V.Radojkova, A.Belazelkovska, S.Strezovska. Conventional versus laser-assisted therapy with aggressive periodontitis. FDI 2013 Istanbul Annual World DentalCongress.

12. Popovska M, Krstevska V, Atanasovska-Stojanovska A, Radojkova-Nikolovska V, Minovska A, Muratovska I, Mitic K, Belazelkovska A, Kapusevska B, Pandilova M, Strezovska S. Oral and dental status in patients with planocellular carcinoma originating from the oral cavity, oropharynx or hypopharynx during radiotherapy. Journal of Macedonian Association of Physiologist and Antropologist. ISSN 1857-558.

13. A. Belazelkovska, M. Popovska, G.Spasovski, Z.Belazelkovska, A. Minovska, K. mitic. Oral changes in patients with chronic renal failure. Romanian Journal of Oral Rehabilitation.Vol 5. No2, April-June 2013.

14. A.Belazelkovska, M.Popovska, K.Mitic, S.Cekovska. Oral manifestations and analysis of salivary and blood creatinine levels in patients with renal failure. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society.

15. K.Mitic, M.Popovska, A.Belazelkovska, E.Stefanovska, S.Ristovska. Effect of immunosuppressive medication on proliferative activity in oral gingival epithelium. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society.

16. M.Popovska, A. Atanasovska, V.Radojkova, A.Belazelkovska, A.Minovska. T-cell subpopulations in lesions of oral lichen planus. 18th Congress of the Balkan Stomatological Society.

17. A.Belazelkovska, M.Popovska, G.Spasovski, V. Radojkova, A.Minovska, Z.Belazelkovska, K.Mitic. Oral Clinical Findings in Patients with chronic Renal Failure. Balкan Journal Of Stomatology,2013;17:37-43.

18. A.Belazelkovska, M.Popovska, S.Cekovska, K.Mitic. Relation between salivary and blood levels of renal biomarkers in patients undergoing renal replacement therapy. Balkan Journal of Clinical Laboratory; ISSN1452-8258.

19. A.Belazelkovska, M.Popovska, S.Cekovska, K.Mitic. Changes of salivary flow and composition in hemodialysis patients. Balkan Journal of Clinical Laboratory; ISSN1452-8258.

20. А.Белазелковска, М.Поповска, Ј.Масин-Спасовска, В.Николов, Г.Спасовски. Ризик фактори за појава на орални промени кај пациенти со ренална заменска терапија. 4-ти Конгрес на Македонското Здружение за Нефрологија,Дијализа, Трансплатација и Вештачки Органи со интернационално чуство.

21. К.Митиќ, М.Поповска, М, Милчевска,Е. Стефановска, А. Белазелковска.Асоцијација помеѓу хуман папиломавирус и циклоспорин А- индуцирано гингивално зголемување. 6 -ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.

22. А.Белазелковска, М.Поповска, К.Митиќ, С.Цековска. Орални симптоми и саливарни промени кај пациенти на ренална заменска терапија.6 -ти конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.

23. K.Mitic, M.Popovska, E.Stefanovska, S. Ristovska, A.Belazelkovska. Immunosupressive therapy as a risk factor for periodontitis.17th Congress of the Balkan Stomatological Society.

**Трудови објавени во последните 5 /пет/ години:**

1. Ана Белазелковска- Грежловска. Предвидување на прогресијата на пародонталната болест преку примена на методи за проценка на ризик.IDEA Int. J. Sci. Arts. 3(2019)5: 237-244;

2. К.В. Гешоска, В. Ванковски, А.Б. Грежловска, С. Вујасин. Евaулација на маргинална прецизност кај дентални естетски коронки. IDEA Int. J. Sci. Arts. 3(2019)5: 245-252;

3. Ана Белазелковска Грежловска.Предавач на повик: Клиничка симптоматологија и дентален протокол кај пациенти со бубрежна болест. Симпозиум со меѓународно учество – Стоматолошко друштво на албанците, декември 2019 година, Тетово;

4. Bruno Nikolovski, Vera Nikolovska Radojkova, Cena Dimova, Mirjana Popovska, Stevica Ristovska, Ana Belazelkovska Grezhlovska, Danica Monevska Popovik. TISSUE FLUORESCENCE IMAGING FOR QUICK NON-INVASIVE DIAGNOSIS IN ORAL AND MAXILLOFACIAL SURGERY. Journal of Morphological Sciences (JMS), 2021:4(3) ISSN 2545-4706;

5. Ana Belazelkovska Grezhlovska.ASSOCIATION BETWEEN PERIODONTAL DISEASE AND CHRONIC KIDNEY DISEASE- REVIEW PAPER. UDK: 616.314.17:616.61-0084.86;

6. Bruno Nikolovski, Vera Radojkova Nikolovska, Cena Dimova, Biljana Evrosimovska, Sonja Rogoleva Gjurovski, Ana Belazelkovska Grezhlovska. ACCURACY OF BRUSH BIOPSY METHOD IN ORAL MALIGNANCY DETECTION .25th Congress of Balkan Stomatological Society,Saraevo,May,2022;

7. Ана Белазелковска Грежловска.Предавач на повик: Аспекти на бубрежната болест кои влијаат врз оралното здравје и денталниот третман. Симпозиум со меѓународно учество:"Поврзаноста на оралното здравје и стоматолошкиот третман"-ДДДММ,октомври 2022 година, Скопје;

8. Ana Belazelkovska Grezhlovska, Bruno Nikolovski, Vera Radojkova Nikolovska. Oral erythema multiforme-case reports, diagnosis and treatment dilema. JMS 2022;5(2):113-126;

9. Ана Белазелковска Грежловска.Предавач на повик: Интердисциплинарниот пристап во стоматологијата- придобивка или ризик за пациентот.13-ти конгрес на К-4 Групацијата,ноември 2022 година, Скопје;

10. Ana Belazelkovska Grezhlovska, Dijana Josheva. CHANGES IN THE ORAL MUCOSA AND SALIVA AS AUXILIARY DIAGNOSTIC TOOLS IN FORENSICS. IDEA Int. J. Sci. Arts. 6(2022)12: 161-170;

11. Дијана Јошева, Ана Белазелковска-Грежловска, Емилија Костадиновска, Мимоза Стаменковска, Снежана Ивиќ Колевска. ПРИМЕНА НА ФОРЕНЗИЧКА ОДОНТОЛОГИЈА ПРИ ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ ВО МАСОВНИ НЕСРЕЌИ. IDEA Int. J. Sci. Arts. 6(2022)12: 171-179.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот и предложениот список на стручни и научни трудови што д-р Ана Белазелковска Грежловска може да се заклучи дека има солидна стручна, научна и едукативна активност. Трудовите имаат значајна теоретска и практична вредност. Следејќи го професионално-еволутивниот подем на Доц.д-р Ана Белазелковска Грежловска, евидентно се забележува голема позитивна и развојна активност во делот на наставнообразовната и научно-истражувачката област.

Врз основа на анализа и оценка на приложената документација и целокупната научна и наставна активност на кандидатката, констатиравме дека кандидатката Доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска, која се пријави на конкурсот за избор на наставник ги исполнува формалните и суштински критериуми и услови за избор на наставник во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научна област на Орална патологија (30405-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина при Европскиот универзитет Скопје.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина при Европскиот универзитет Скопје, д-р Ана Белазелковска Грежловска да се избере во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научна област по Орална патологија (30405- Фраскатиева класификација).

**Рецензентска комисија**

Проф д-р Мирјана Поповска-претседател ________________

Проф д-р Вера Радојкова Николовска-член ________________

Проф д-р Енис Реџеп -член ________________________